Бр./Nr 12-134/1

11-01-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива на Држаната комисија, на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 30 Декември 2020 година донесе

## Одлука

Постапката покрената согласно со член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 12-3045 од 2019 година, по допрен глас - врз основа на добиени сознанија и индиции за коруптивни дејствија, -------------------------------------------------- во врска ---------------------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3045 од 2019 година.

Предметот со број 12-3045 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12 – 3045 од 2019 година е оформен по допрен глас - врз основа на добиени сознанија и индиции за коруптивни дејствија, ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------, по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во постапувањето по предметниот случај за кој Државната комисија дојде до сознанијата, -----------------------------, односно и за стоени злопотеби на службената положба и овластување и други противправни дејствија насочени кон одолговлекување и/или погрешно ---------------------------------, заради целосно утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите изнесени во јавноста и медиумите во РСМ - Државната комисија презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од Основното јавно обвинителство Скопје.

Од содржината на одговорот и произнесувањето на Основното јавно обвинителство Скопје доставени до Државната комисија за конкретниот случај Државната комисија констатира дека од ОЈО Скопје по спроведената обемна истражна постапка, во предметот со ----------------- до надлежниот суд бил/е поднесен обвинителен акт против шест лица и тоа – за две лица за сторено по едно кривично дело – -----------------------------, против три лица за едно кривично дело ------------------------------ и за едно лице за сторено кривично дело – ----------------------------, а против едно лице бил/е поднесен обвинителен предлог за кривично дело ------------------------------ од Кривичниот законик.

Исто така, од обвинителството посочуваат дека при постапувањето заради утврдување на битни факти и околности, по наредба на ова ОЈО е превземено истражно дејствие вештачење на ---------------------------, како и

дека од ова ЈО е обезбедена ------------------- документација со цел преземање на понатамошно истражно дејствие – вештачење заради утврдување на ------------------------. Обвинителството нагласува, понатаму, и дека примерок од сите вештачења и обезбедените докази ОЈО навремено ги доставило до осомничените и нивните бранители, а оригиналните примероци биле поднесени во прилог на обвинителниот акт заради нивно изведување на главна расправа пред надлежниот суд.

Државната комисија за предметниот случај, исто така, побара одржување на работен состанок со јавниот обвинител кај кој бил распределен во работа предметот, како и копии од списите на предметот – копии од вештачењата и копија од обвинителниот акт.

Од сите прибавени и расположиви информации Државната комисија констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување, со оглед на тоа што на предметниот случај во фаза на истражна постапка од надлежното јавно обвинителство биле/се преземени сите и соодветни дејствија, а судската постапка за истиот е во тек и ќе добие завршница преку судска одлука на надлежниот суд.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30.12.2020 година под бр. 12- 134 / 1**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил : м-р Шемши Салаи , Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива